Во Прилог Одговорот по бараните информации од Зебра Ветерина Доо. со кого Ј.П.„Охридски Комуналец"-Охрид има склучено Договор за јавна набавка на ветеринарини услуги

Друштво за ветеринарни дејности, трговија увоз-извоз и услуги
ЗЕБРА ВЕТЕРИНА увоз-извоз ДОО
Бр. 08-4/2022
16.12.2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

ОДГОВОР НА БАРАЊЕ ЈКП ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ ОХРИД

Почитувани врз основа на вашето барање на инфо вкупно заловени,кои локации е вршено заловувањето и доставувањето слики за иститe.

ВА Зебра Ветерина ДОО,Демир Хисар врз основа на договор за заловување и хуман третман на бездомни кучиња број 05-3/23-22,од датум 1,04,2022 година го дава следното образложение :

Вкупно се заловени 85 бездомни кучиња од кои 79 се истретирани и вратени по основ направени ветеринарни услуги по склучен договор за хуман третман на бездомни животни,и 6 еутанизирани по основ агресивни и болни со неповолна клиничка слика.

Заловувањето на бездомните кучиња на територијата на град охрид и околните села ,се врши под постојан надзор и нарачка од лица овластени од Охридски Комуналец,Здружение за заштита на бездомни животни,индивидуални активисти ,љубители на животни локално засегнато население кое предходно пријавило во Охридски Комуналец,и за секое куче ви е доставено досие услуги на истото.

Локации каде се заловувани кучињата се следни

1.село Подмоље

2.Охридски базен околина

3.Хотел Аквалина и околина

4.село пештани

5.Градска Билница Охрид.

6.Хотел Панорама околина

7.село Велгошти

8.населба Далјан

9.Болница Св.Еразмо

10.Камп Андон Дуков

Друштво за ветеринарни дејности трговија увоз-извоз и услуги ЗЕБРА ВЕТЕРИНА ДОО Демир Хисар

11,ТАМАРО 10 околина

На истата локација од каде се земени се и вратени бездомните кучиња

Почитувани во прилог даваме објаснување како тече цел процес од земање до враќање на бездомното куче-

После заловувањето кучето се сместува во индивуални боксови во стационарот.

Секое од кучињата подлежи на тест на социјализација односно дали е безбедно или не да се врати на истата локација,тестот го прават лиценцирани лица.

На секое куче се зема мостра крв-серум за болеста пренослива на луѓе Лајшманиоза и се праќа во референтна акредитирана лабораторија при факултетза Ветеринарна Медицина Скопје.

Доколку тестот за социјализација е поминат и кучето е здраво односно нема лајшманија оди фаза на кастрација/стерилизација,па фаза на пост оперативно болување.

После тоа кучето се маркира со ушна маркица,се чипира со поткожна апликација на микричип,се вакцинира против беснило и се врши дехелминтизација.

Доколку кучето не го помине тестот на социјализација или е болно на лајшманија,кучето не се враќа на улица и се постапува врз основа на законот за благосостојба на бездомните животни.

Кучињата кои ги поминале сите фази по предходна најава до надлежната институција ,се враќаат назад на истата локација каде што се затекнати при ловењето а под надзор на луѓето кои биле присутни при ловењето.

За секое куче има подготвено досие со сите услуги кои се во договорот,и сите кучиња се соодветно евидентирани и мострирани во системот за идентификација и регистрација на Агенцијата за Храна и Ветеринарство која исто така по автоматизам врши следливост на целиот процес.

Почитувани во однос на слики од кучињата,ВА Зебра Втерина ДОО Демир Хисар,нема законска обврска да врши сликање на кучињата,со оглед на тоа дека цел процес е следен од ваша страна односно ние самостојно без ваш надзор не излегуваме на терен.

Со Почит,ВА Зебра Ветерина ДОО

Друштво за ветеринарни дејности, трговија и услуги увоз-извоз ЗЕБРА ВЕТЕРИНА ДОО Демир Хисар